Врз основа на член 39з став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија”, бр.29/2002, 85/2003, 40/2004,113/2005, 29/2007 и 88/2008) член 45 став (5) и член 76 став (5) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр.7/2008), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ИЛИ УКИНУВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАДОЛЖИТЕЛЕН И/ИЛИ ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

**(неофицијален пречистен текст)**
**(„Службен весник на Република Македонија”бр.138/2008, 171/2010 и 110/2013)**

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник поблиску се уредува постапката за повлекување или укинување на одобрение за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд на друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и друштво за управување со доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиско друштво).

### Член 2

Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) донесува одлука за повлекување или укинување на одобрението за управување со задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд на пензиското друштво во следните случаи утврдени со закон:

а) доколку по намалување на основната главнина, главнината, сопствените средства или ликвидните средства под бараниот износ пензиското друштво не изврши нивно зголемување до бараниот износ, во рок кој ќе го определи Агенцијата кој не може да биде подолг од 12 месеци.

б) доколку пензиското друштво во рокот определен од Агенцијата не ги отстрани незаконитостите во работењето или водењето на деловните книги констатирани од страна на лицето овластено за контрола;

в) во случај на уплата на средства од Буџетот на Република Македонија во пензискиот фонд доколку Агенцијата смета дека пензиското друштво е виновно за загуба на средства на задолжителниот пензиски фонд;

г) заради грубо кршење на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам;

д) заради злоупотреба на лични податоци;

ѓ) заради неисполнување на условите под кои пензиското друштво добило дозвола за основање согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигрување и/или Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;

е) од истите причини поради кои Агенцијата одбива барање за дозвола за основање на пензиско друштво и барање за одобренија за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигрување или Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;

ж) заради неисполнување на условите за добивање на дозволата од член 62 и член 68 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување;

ѕ) на барање на друштвото; и

и) во други случаи на грубо кршење на одредбите од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и/или Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

## II. Претходна постапка

### Член 3

(1) Доколку при вршењето на супервизија, Агенцијата утврди незаконитости или неправилности кои може да доведат до повлекување или укинување на одобрение за управување со задолжителни и/или доброволни пензиски фондови, постапува согласно закон и овој правилник.

(2) Доколку Агенцијата утврди дека постои можност за отстранување на незаконитостите или неправилностите без ризик од дополнителна повреда на интересите на членовите и пензионираните членови на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд или јавниот интерес, Советот на експерти на Агенцијата ќе донесе решение за нивно отстранување.

(3) Рокот за отстранување на незаконитостите или неправилностите во работењето, кој не може да биде подолг од 15 дена го утврдува Советот на експерти на Агенцијата земајќи ги во предвид околностите и можностите за нивно отстранување, интересите на членовите и пензионираните членови на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд и јавниот интерес.

(4) По истекот на рокот од став (3) на овој член, Агенцијата ги испитува резултатите од активностите што ги презело пензиското друштво за отстранување на утврдените незаконитости или неправилностите.

(5) По извршеното испитување од став (4) на овој член Советот на експерти на Агенцијата во рок од 15 дена, донесува одлука за преземање на едно од следниве дејствија:

- запирање на постапката за повлекување или укинување на одобрението доколку се отстранети сите неправилности;
- продолжување на рокот но не подолго од 30 дена за отстранување на незаконитостите или неправилностите, доколку пензиското друштво преземало интензивни активности за нивно отстранување;
- повлекување на одобрението за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд; или

- укинување на одобрението за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд.

## III. Постапка за повлекување на одобрението за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд

### Член 4

(1) Советот на експерти на Агенцијата донесува одлука за повлекување на одобрението за управување со задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд на пензиското друштво:

- кога се откриени незаконитостите или неправилностите;
- откако ќе истече рокот за подобрување или за време на тој период;
-поради заштита на интересите на членовите и пензионираните членови на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд, јавниот интерес или природата на прекршувањето и претходното работење на пензиското друштво.

(2) Во одлуката за повлекување на одобрението за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд на пензиското друштво, Советот на експерти на Агенцијата го определува периодот на повлекување на одобрението, земајќи ги во предвид интересите на членовите и пензионираните членови на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд, јавниот интерес, причините за повлекувањето на одобрението и можностите за отстранување на незаконитостите или неправилностите.

(3) Одлуката за повлекување на одобрението за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд на пензиското друштво ги содржи незаконитостите или неправилностите заради кои се повлекува одобрението со насоки тие да бидат отстранети.

(4) Доколку Агенцијата оцени дека се загрозени интересите на членовите и пензионираните членови на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд управувани од друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, Советот на експерти на Агенцијата донесува одлука за повлекување на одобренијата за управување со задолжителен и доброволен пензиски фонд на друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.

(5) Агенцијата одлуката за повлекување на одобрението ја доставува до пензиското друштво, чуварот на имот, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Министерството за труд и социјална политика и ја објавува во “Службен весник на Република Македонија.”

(6) Агенцијата ја информира јавноста за причините за донесување на одлуката, за последиците по донесувањето на одлуката, како и за начините што ќе се користат за да се заштитат интересите на членовите и пензионираните членови на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд.

### Член 5

(1) Агенцијата спроведува засилен надзор на пензиското друштво чие одобрение е повлечено, согласно Правилникот за начинот за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд по повлекување или укинување на

одобрението за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд на пензиското друштво.

(2) По истекот на периодот на повлекување на одобрението, Агенцијата ги испитува резултатите од активностите што ги презело пензиското друштво за отстранување на незаконитостите или неправилностите.

(3) По извршеното испитување на работењето на друштвото, Советот на експерти на Агенцијата донесува одлука за:

- прифаќање на преземените мерки и дејствија доколку се отстранети сите неправилности;
- продолжување на периодот на повлекување на одобрението доколку постојат интензивни активности за отстранување на незаконитостите или неправилностите и/или заради заштита на интересите на членовите; или
- укинување на одобрението за управување со задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд доколку не постои напредок во отстранување на неправилностите и/или таквата одлука е потребна заради заштита на интересите на членовите на пензискиот фонд или на јавниот интерес.

## IV. Постапка за укинување на одобрението за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд

### Член 6

(1) Советот на експерти на Агенцијата донесува одлука за укинување на одобрението за управување со задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд на пензиското друштвото:

- кога се откриени незаконитостите или неправилностите;
- откако ќе истече рокот за подобрување или за време на тој период;
- откако ќе истече периодот за повлекување на одобрението за управување со задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд или за време на периодот кога одобрението е повлечено и/или земајќи ги во предвид интересите на членовите на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд, јавниот интерес или природата на прекршувањето и претходното работење на пензиското друштво.

(2) Доколку Агенцијата оцени дека се загрозени интересите на членовите на задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд управувани од друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови, Советот на експерти на Агенцијата донесува одлука за укинување на одобренијата за управување со задолжителен и доброволен пензиски фонд на друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови.

### Член 7

По укинување на одобрението за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд на пензиското друштво, Агенцијата го презема управувањето и раководењето со задолжителниот и/или доброволниот пензиски фонд согласно Правилникот за начинот на управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд по повлекување или укинување на одобрението за управување со задолжителен и/или доброволен пензиски фонд на пензиските друштва.

## V. Завршни одредби

**Член 8**

Со влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за постапката за повлекување  или укинување на одобрение за управување со пензиски фонд („Службен весник на Република Македонија бр.37/2006) .

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 10**

(Член 2 од „Службен весник на Република Македонија"бр. 171/2010)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 11**

(Член 4 од „Службен весник на Република Македонија"бр. 110/2013)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Претседател на Управниот одбор,
Анета Димовска, с.р.